## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И М-Р НАТАША МИТЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09, и 99/09, 115/10 и 17/11 год), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип („Универзитетски гласник“ бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 113. седница, одржана на 5 јуни 2014 година, донесе Одлука број 2602-665/9 за избор на рецензенти за издавање „Практикум по просторно планирање” по предметот Просторно планирање.

За рецензирање на ракописот „Практикум по просторно планирање” од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и м-р Наташа Митева се избрани следниве рецензенти:

– д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институт за географија, ПМФ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и
– д-р Цане Котески, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на приложениот ракопис „Практикум по просторно планирање“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и м-р Наташа Митева, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Практикум по просторно планирање“ е компатибилен со Наставната програма по предметот Просторно планирање, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на прв циклус студии во I семестар на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис администрација и во III семестар на студиската програма Туризам. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е изборен со фонд на часови 2+1+1 и се вреднува со 4 кредити.

Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 12. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 60 страници, при што секоја вежба е во согласност со наставната програма по предметот просторно планирање. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Просторно планирање.

Ракописот започнува со *Вовед* во кој е даден краток осврт на значењето на просторното планирање, посочена е предвидената основна и дополнителна литература како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

Вежбата бр. 1 е насловена *Проектни активности: правила за изработка и предлог теми*. Во неа се прикажани стандардите за изработка на проектни активности надополнети со листа на предлог-теми за изработка на проектни активности.

Вежбата бр. 2 е насловена *Теорија на транспортен проблем и гравитациони модели*. Најнапред следи Теоријата на транспортен проблем каде што се дава опис на теоретските постапки, а потоа следи формула за пресметување на транспортните трошоци со хипотетичен пример по единица понуда и потрошувачка, нивна дистрибуција и директни и индиректни трошоци на одреден број фабрики. Втор дел од вежба бр. 2 се дава опис на просторот како површина и гравитациони модели, а потоа следи формулата за пресметување на гравитационата привлечност, атрактивноста на два или повеќе града.

Вежбата бр. 3 е насловена *Анализа на содржини на разни просторни планови*. Студените се распоредени во повеќе групи со задача да разгледаат и размислат за потребата од изработка на разни видови просторни планови. Студентите преку пребарување на интернет, симнуваат разни ПДФ на просторни планови на населби, подрачја, национални паркови, општини, како и разни печатени публикации со тематика на просторно планирање, го искажуваат свои мислења и даваат предлози за просторното планирање и просторните планови.

Вежбата бр. 4 е насловена *Анализа на просторниот план на Република Македонија*. Студените се распоредени во повеќе групи со задача да го разгледаат текстуалниот и картографскиот дел на просторниот план на Република Македонија, во нејзина печатена и електронска форма. Имено, распоредени во неколку групи, студентите активно анализираат повеќе тематски карти и притоа ги искажуваат нивните размислувања и предлози.

Вежбата бр. 5 е насловена *Анализа на разни ГУП и ДУП и давање насоки за Колоквиум 1*. Студените се распоредени во повеќе групи. Се користи интернет, се симнуваат разни ПДФ на генерален урбанистички план - ГУП и детален урбанистички план - ДУП на населби, на посебни индустриски, туристички и други зони, на подрачја со посебна намена. Се користи и скриптата по просторно планирање, стр. 85-90 и од 101-104. Нивна главна задача е разгледување на повеќе генерални урбанистички планови и детални урбанистички планови и искажување на размислувања, сопствени ставови и предлози во врска со плановите.

Вежбата бр. 6 е насловена *Критериуми за валоризација на просторот*. Студените се распоредени во неколку групи. Се користи интернет, се симнуваат разни ПДФ на туристички карти, планови на населби, зони, локалитети и сл. За анализа и дискусија се користи и скриптата по просторно планирање, особено текстуалниот дел. Критериуми за валоризација на просторот, стр. 146-154. Студентите врз основа на критериумите за валоризација активно го валоризираат просторот и ги искажуваат своите размислувања и предлози.

Вежбата бр. 7 е насловена *Локациони фактори во планирање на туризмот*.

Се користи интернет, се симнуваат разни ПДФ на туристички карти, планови на населби, зони, локалитети и сл. За анализа и дискусија се користи и скриптата по просторно планирање, особено текстуалниот дел. Локациони фактори во планирање на туризмот, стр. 161-165. Студентите, врз основа на критериуми за локациони фактори важни при планирање на туризмот, активно ги валоризираат локационите фактори во просторот и ги искажуваат своите размислувања и предлози.

Вежбата бр. 8 е насловена *Метода за избор на туристичка локација*. Се користи интернет, се симнуваат разни ПДФ на туристички карти, планови на населби, зони, локалитети и сл. За анализа и дискусија се користи и скриптата по просторно планирање, особено текстуалниот дел. Методи за избор на туристичка локација, стр. 165-170. Студентите, врз основа на квантитативните и квалитативните методи претставени со бодови, определуваат конкурентни локации и прават избор на најсоодветна туристичка локација. Во текот на вежбата, студените активно ги валоризираат методите за избор на туристичката локација и ги искажуваат своите размислувања и предлози.

Вежбата бр. 9 е насловена *Опремување на просторот со туристички објекти*. Се користи интернет, се симнуваат разни ПДФ на туристички карти, планови на населби, зони, локалитети и сл. За анализа и дискусија се користи и скриптата по просторно планирање, особено текстуалниот дел. Опремување на просторот со туристички објекти, стр. 175-183. Студентите, врз основа на видот на туристички објекти од примарно и секундарно значење активно ги валоризираат објектите и ги искажуваат своите ставови, размислувања и предлози.

Вежбата бр. 10 е насловена *Презентација на проектни активности од страна на студените*. По желба на студенот се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

Вежбата бр. 11 е насловена *Презентација на проектни активности од страна на студените*. По желба на студенот се дозволува јавна презентација пред останати студенти,

одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

Вежбата бр. 12 е насловена Презентација на проектни активности од страна на студените. По желба на студеноте се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

Сите 12 вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметот Просторно планирање, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало по предметот Просторно планирање.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Практикум по просторно планирање" од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и м-р Наташа Митева да биде издаден како учебно помагало практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Благоја Маркоски, ред. проф., с.р.**
**Д-р Цане Котески, доцент, с.р.**